Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Архитектонски факултет – Скопје

Република Северна Македонија
Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Архитектонски факултет-Скопје
Бр. 03 -270/7
20. 10. 2025 год.

Врз основа на Одлуката на Ректорската управа на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 02-1092/11 од 304. седница одржана на 16.9.2025 година со која се утврдуваат правото и критериумите за плаќање половина од износот на уписнината за студентите чие родителско право го врши само еден родител, а кои се запишани на прв циклус на студии во зимскиот семестар во учебната 2025/26 година, Комисијата на Архитектонскиот факултет во Скопје ги разгледа пристигнатите документи на вкупно шест (6) кандидати и согласно своите надлежности ја утврди следната:

# **Р А Н Г – Л И С Т А**

на добитници на погодноста за намалување на уписнината за студентите чие родителско право го врши само еден родител за учебната 2025/26 година

## I. Студиска програма Додипломски студии по архитектура – прв циклус на студии:

1. Кандидат со број на индекс – **8582**, запишан во V семестар во квотата со кофинансирање и вкупно освоени – **95,44** поени;

Согласно член 5 од Одлуката на Ректорската управа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 02-1092/11 со која се утврдуваат правото и критериумите за плаќање половина од износот на уписнината за студентите чие родителско право го врши само еден родител, од причина што во првиот и третиот семестар од истата студиска програма не се пријавил ниту еден кандидат, Комисијата одлучи во ранг-листата да вклучи дополнителен кандидат:

2. Кандидат со број на индекс – **8576**, запишан во V семестар во квотата со кофинансирање и вкупно освоени – **73,76** поени.

## II. Студиска програма на интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура:

1. Кандидат со број на индекс – **8458**, запишан со VII семестар во државната квота и вкупно освоени – **95,2** поени;
2. Кандидат со број на индекс – **8505**, запишан со VII семестар во квотата со кофинансирање и вкупно освоени – **81,2** поени.

Студиската програма на интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура, според која наведените студенти студираат е акредитирана во периодот 2018-2023 година и подразбира континуирани, неделливи студии по архитектура, кои не нудат можност за стекнување на диплома Bachelor of Architecture. Студентите на оваа студиска програма се запишани на Конкурсот за запишување студенти на **прв циклус студии** на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

По увид во доставените документи, Комисијата констатираше дека следните кандидати не исполнуваат услов да се стекнат со поволноста за плаќање на половина од износот на уписнина во учебната 2025/2026 година бидејќи не го исполнуваат условот од Член 1 од Одлуката – вкупниот приход по член на семејството да не е поголем од минималната плата во Република Северна Македонија:

1. Кандидатот со бр. на индекс – **8487**, запишан во VII семестар на студиската програма Интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура во учебната 2025/26 година;
2. Кандидатот со бр. на индекс – **8334**, запишан во IX семестар на студиската програма Интегрирани петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура во учебната 2025/26 година.

Комисија:

Проф. д-р Ана Ивановска Дескова

Проф. д-р Дивна Пенчиќ

Проф. д-р Јован Ивановски